РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-149/2
17-05-2022 г./v.

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 67-та седница одржана на ден 13.05.2022 година ја донесе следната

**Одлука**

Пријавата со број 12 - 149/1 од 12.01.2021 година,со наводи кои се однесуваат на приложена фалсификат диплома за познавање на англиски јазик, **СЕ ОТФРЛА**.

ДКСК утврди дека, согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување поради тоа што за предметниот случај постапил друг надлежен орган, а по истите наводи ДКСК веќе има постапено и има донесено одлука од своја надлежност.

Предметот со број 12-149/1 од 12.01.2021 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Од страна на непознат подносител - група вработени во ---------------------, до ДКСК поднесена е пријава заведена под број 12-149/1 од 12.01.2021 година, по која е оформен предмет со наводи кои се однесуваат на приложена фалсификат диплома за познавање на англиски јазик од страна на лицето ------------- -------------, кое конкурирало на конкурс за директор на училиштето објавен од Град Скопје во 2019 година. Во доставената пријава се наведува дека предметниот случај бил пријавен во Државниот просветен инспекторат, кој постапил по поднесната пријава но постапката не била процесирана понатаму, поради што подносителите не се задоволни од постапувањето на инспекторатот.

При извршени провери во евиденцијата на ДКСК, констатирано е дека ДКСК веќе има постапено по предмет оформен по анонимна пријава со исти предметни наводи заведен под број 12-2987/1 од 06.06.2019 година и по кој на 46-та седница одржана на ден 19.02.2021 година има донесено одлука од своја надлежност, со која постапката по предметот се запира, ДКСК нема елементи за натамошно постапување во предметот поради констатираното дека за случајот постапувал друг надлежен орган (Државен просветен инспекторат), кој постапил во рамките на своите законски надлежности и не биле потврдени пријавените наводи.

Со оглед на констатираното, ДКСК утврди дека во предметниот случај било постапено од страна на друг орган кој е надлежен да постапува од областа, а воедно по однос на предметните наводи има постапено и ДКСК и има донесено одлука од своја надлежност, по што оцени дека нема елементи за надлежно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**Нури Бајрами**

Република Северна Македонија Државна комисија за спречување на корупцијата Скопје
Republika e Maqedonisë së Veriut Komisioni Shtetëror për Parandalim të Korrupsionit Shkup

Изработил: Ј.Ц.
Одобрил: м-р Ш.С.., Член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk